Почитувани,

Како дел од мотото на "постојана транспарентност" во однос на нашите клиенти Ве информираме за промените кои Охридска банка Сосиете Женерал ги изврши во делот на кредитните картички и пречекорувањето на трансакциска сметка.

Промените се однесуваат на:

- промена на начинот на утврдување на каматната стапка.
- дополнителна формулација на одредбата во Договорите за кредитни картички која се однесува на пресметка на каматата.

Почнувајќи од 01.07.2017 година Охридска банка Сосиете Женерал изврши **промена на начинот на утврдување на каматната стапка** на пречекорување на трансакциска сметка и на кредитните картички. Со оваа промена, каматата е променлива и истата е во висина на каматната стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на Народната банка на Република Македонија (референтна стапка), што важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие:

- зголемена за 8,00 процентни поени за MasterCard® Standard и VISA® Classic кредитните картички и за пречекорувањата на трансакциска сметка;
- зголемена за 6,75 процентни поени за MasterCard® Gold и VISA® Gold кредитните картички;
- зголемена за 5,70 процентни поени за MasterCard® Platinum кредитните картички;

но не повисока од определената со Закон. Референтната стапка се определува за секое календарско полугодие и се применува за тековните шест месеци (до крајот на полугодието). Референтната стапка НБРМ ја објавува на својата веб-страница на почетокот на секое полугодие."

Со цел да излезе во пресрет на Вашите барањата и да Ви го **објасни начинот на пресметка на камата на кредитните картички**, Охридска банка Сосиете Женерал изврши дополнителна формулација на одредбата во Договорите за кредитни картички која се однесува на пресметка на каматата:

- На корисникот на кредитната картичка не му се пресметува камата на искористениот кредитниот лимит, ако го отплати целокупниот искористен кредитен лимит наведен во месечниот извод најдоцна до 12-ти наредниот месец (за VISA® кредитни картички), односно 15 ти наредниот месец (за MasterCard® кредитни картички), за искористениот кредитен лимит во текот на претходниот месец.
- На искористениот, а неподмирен износ од кредитниот лимит се пресметува камата сметано од првиот ден во месецот во следниот пресметковен период. Месечните обврски се засметуваат кумулативно, при што сите неподмирени обврски од предходниот месец се засметуваат во наредниот месец.

Со почит,
Охридска банка Сосиете Женерал